Географија VI одд

Тема: ВОЗДУШНА ОБВИВКА НА ЗЕМЈАТА (АТМОСФЕРА)
Наставна содржина: ВРЕМЕ И КЛИМА

КЛИМАТСКИ ФАКТОРИ

- Климатски фактори се:

I **Природни климатски фактори**

1 **Географската широчина** – колку една област е поблиску до екваторот, толку нејзината клима ќе биде потопла или колку е подалеку, толку климата е поладна.

2 **Надморската височина** – како што се зголемува надморската височина, така се намалува температурата.

3 **Оддалеченост од мориња и океани** – климата на одредена област е променлива поради нееднаквото загревање на водата и копното, особено областите кои се во непосредна близина на мориња и океани.

4 **Релјефот** -

- *Планинските вериги* кои се протегаат долж морскиот брег претставиваат препрека за движењето на влажниот воздух. Страната што е свртена кон морето има поголема влажност, во однос на другата страна што е свртена кон континентот.

- Преку отворените широки *речни долини* се јавува големо струење на воздушните маси, од морето кон внатрешноста на континентот и обратно, од континентот кон морето.
- Растителниот свет – особено, вискоите шуми.

II - Човекот – човечки (антропегени) фактори врз климата.



Студен арктички предел



Оаза



Рамничарско подрачје



Планинско подрачје